## 5. ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ШТЕДНИ ВЛОГОВИ

Фондот за осигурување на штедни влогови е основан во јануари 1997 година. Основањето на оваа финансиска институција е во насока на јакнење на стабилноста на финансискиот систем, афирмација на осигурувањето на штедните влогови и враќање на довербата на граѓаните во домашното штедење. Основањето и работењето на Фондот се уредува со Законот за банки и штедилници.

Фондот е основан како акционерско друштво на сите банки и штедилници кои имаат дозвола од Народна банка на Република Македонија за прибирање на штедни влогови. Имено, банките и штедилниците добиваат дозвола од Народна банка на Република Македонија за прибирање на штедни влогови и водење на тековни сметки на физички лица, доколку на денот на поднесувањето пријава за регистрација во судскиот регистар, уплатат во Фондот основачки влог не помал од денарска противвредност на 10.000 ДЕМ. Со уплата на основачкиот влог, конкретната банка, односно штедилница, се стекнува со статус на членка на Фондот, но автоматски не и со статус на осигуреник. Банка или штедилница против која Народна банка на Република Македонија има изречено решение за забрана за прибирање на штедни влогови, не може да добие статус на осигуреник.

Со состојба на 31.12.1999 година, членки на Фондот се 21 банка и 14 штедилници. Од нив само "СБС Агро банка Интернешенел Македонија" а.д. Скопје нема статус на осигуреник.

Согласно Законот за банки и штедилници, за осигурување на штедните влогови, Фондот наплаќа премија од банките и штедилниците, по стапка најмногу до 2.5% годишно од вкупните штедни влогови во банката, односно штедилницата, во директна зависност од бонитетот на секоја членка. Меѓутоа, заклучно со декември 1999 година, премијата за осигурување утврдена од Управниот одбор на Фондот[10] е единствена за сите членки и е на ниво од 1,5%. Премијата се наплаќа месечно, со примена на 1/12 од утврдената стапка на годишно ниво, со основица - состојбата на штедните влогови на крајот од секој претходен месец.

Вкупните средства на Фондот се формираат од: основачките вложувања, наплатените премии за осигурување и остварените приходи од пласмани. Имено, Фондот може да ги вложува прибраните средства во краткорочни хартии од вредност - благајнички записи на НБРМ или во државни хартии од вредност.

Во рок од 6 години од основањето, Фондот треба да достигне, а потоа да одржува ниво на вкупни средства од најмалку 5% од вкупните штедни влогови во Република Македонија, по што, членките ќе престанат со уплати на премии за осигурување. Со состојба на 31.12.1999 година, вкупните расположливи средства на Фондот беа на ниво од 3.5% од износот на депозитите на физички лица во банкарскиот систем на Република Македонија.

Во случај на настанување на ризичен настан (стечај или ликвидација на финансиска институција), **Фондот ги обештетува штедачите во висина од 75% од**

[10] Со Фондот управува Управен Одбор кој е составен од 7 членови, од кои 5 се претставници од банките, 1 од штедилниците и 1 член наименуван од Народна банка на Република Македонија.

**штедниот влог, но најмногу до денарска противвредност на 10.000 ДЕМ.** При тоа, се обештетува главнината на штедниот влог зголемена за каматата пресметана до денот на настанувањето на ризичниот настан и тоа:

- за денарските штедни влогови во висина најмногу до есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија, важечка во соодветниот период; и
- за девизните штедни влогови, најмногу во висина до домицилната каматна за соодветна странска валута.

Фондот не обезбедува целосна покриеност на штедните влогови, за да се спречи ширењето на моралниот ризик и да се овозможи конкуренција помеѓу банкарските институции.

Користењето на средствата од Фондот започнува со конечноста на Одлуката на Советот на НБРМ за исполнување на условите за воведување стечајна, односно ликвидациона постапка кај одредена финансиска институција. При тоа:

- до воведувањето на стечајна, односно ликвидациона постапка од страна на надлежниот суд, штедачот се намирува месечно, во висина на износот од 75% од штедниот влог (најмногу до денарска противвредност на 10.000 ДЕМ), но не повеќе од последната објавена едномесечна просечна плата во Република Македонија,
- по воведувањето на стечајна, односно ликвидациона постапка, побарувањето на штедачот достасува веднаш.

Исплатата на осигурените штедни влогови, во случај на настанување на ризичен настан, се врши исклучиво во денари.

Доколку заради настанување на ризичниот настан, на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените штедни влогови, банките и штедилниците се должни во рок од 30 дена да уплатат дополнителни средства до износ неопходен за негово нормално работење. Исто така, во случај средствата на Фондот да не се доволни за исплата на осигурените штедни влогови, Народната банка може да му одобри кредит на Фондот од средствата на резервите.

Гаранцијата на Фондот, за првпат од неговото основање, се активира на 20.11.1999 година, со конечноста на Одлуката на Народна банка наРепублика Македонија за воведување на стечајна постапка кај штедилница Унипроком а.д. Скопје. По утврдувањето на состојбата на штедните влогови на Штедилницата и идентификацијата на штедачите, на 01.02.2000 година започна процесот на обештетување. Право на обештетување имаат 144 поединечни штедачи, а вкупната обврска на Фондот изнесува 5.003.493,00 денари.

Согласно Законот за банки и штедилници, контрола на работењето на Фондот врши Народната банка на Република Македонија.